SYMPOSION

П О К А Н А

за учество на еднодневна работилница на тема:

„КАКО ДА ИНВЕСТИРАТЕ ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА“

(12 ноември, кралска винарија „Queen Maria“ – Демир Капија)

КОЈА Е ЦЕЛТА НА РАБОТИЛНИЦА?

Во времиња на енергетска криза со екстремно високи цени на електричната енергија на сите берзи низ Европа се поставува прашањето како да се постапи за справувањето со кризата да биде полесно. Досегашните технолошки решенија укажуваат на тоа дека најевтина енергија е онаа која самите може да ја произведеме или онаа енергија која нема да биде потрошена, туку ќе биде заштедена. Работилницата ќе ви понуди можност да се запознаете со можностите и постапките при инвестирањето во обновливи извори на енергија, но и патоказ за процедурите низ кои произведената електрична енергија ќе ја користите за сопствени потреби и/или ќе ја продавате на пазарот.

ЗОШТО ДА УЧЕСТВУВАТЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА?

На работилницата ќе имате можност да се запознаете со најновите законски измени при инвестирањето во обновливи извори на енергија кои во моментов се во собраниска процедура. Ќе добиете одговор на прашањата, како да почнете, што треба најпрво да направите за да инвестирате во обновливи извори на енергија. Кои се следните чекори кои треба да ги преземете за да ја отпочнете и завршите изградбата на една електроцентрала за производство на електрична енергија од обновливи извори. Ќе добиете одговор на прашањето кој може да ја продава, а кој може да ја предава електричната енергија на својот снабдувач.

НАША ЦЕЛ СО ОВАА РАБОТИЛНИЦА Е ВАША ПОГОЛЕМА ИНФОРМИРАНОСТ, СИГУРНОСТ И УСПЕШНОСТ ПРИ МОЖНОТО ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА.

ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА РАБОТИЛНИЦАТА?

Работилницата е наменета за претставници на јавни институции на државно и локално ниво, претпријатија во државна сопственост и јавни претпријатија, приватни компании, граѓански организации и други правни лица кои согласно измените на законот ќе можат да инвестираат во обновливи извори на енергија. Исто така, замислена е да биде од интерес за сите правни и физички лица кои имаат можност и потреба да инвестираат во ОИЕ.

ШТО ЌЕ ОПФАТИ РАБОТИЛНИЦАТА?

- Правната и законска рамка која е на сила при преземање на чекорите до изградба на една електрана за производство на електрична енергија од обновливи извори за енергија, но и најновите законски измени;
- Видовите на електрани од обновливи извори во кои може да се инвестира, како и можностите за користење на мерки за поддршка за производство на електрична енергија од обновливи извори и постапките за доделување на мерка за поддршка;

- Детален преглед на релевантните постапки и барања што треба да се направат за изградба на една електроцентрала за производство на електрична енергија од обновливи извори,
- Чекорите по изградбата на електраната до успешно пуштање во употреба и производство на електрична енергија.
- Запознавање со концепт наречен производител – потрошувач (prosumer)
- Сите потребни чекори и постапки од проектирање до инсталација, кои треба да се преземат за изградба на фотонапонска електрана за производство на електрична енергија за производител – потрошувач.

КАКО ЌЕ СЕ СПРОВЕДЕ ОВАА РАБОТИЛНИЦА?

На високо интерактивно ниво, со многу практични примери, прашања, одговори, студии на случај, дискусии.

КОИ СЕ ПРЕДАВАЧИТЕ ШТО ЌЕ ЈА ВОДАТ РАБОТИЛНИЦАТА?

ВАЛЕНТИНА СТАРДЕЛОВА е дипломиран правник и м-р на Европски економски студии – Раководител на Секторот за енергетика во МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА со повеќе од десет години работно искуство во законодавството во областа на енергетиката. Задолжена за следење и развој на политиката во енергетскиот сектор, транспозиција на европското енергетско законодавство во Република Македонија и практична имплементација на истото.

КАТЕРИНА БИЛБИЛОСКА е електроинженер и магистер по електротехника и информациски технологии во областа на енергетските системи со неколкугодишно работно искуство во МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА, во Секторот за енергетика, за прашањата поврзани со енергетска ефикасност.

МАГДАЛЕНА ДАСКАЛОВА е дипломиран економист со повеќегодишно работно искуство во МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА, Сектор за енергетика за прашања поврзани со обновливи извори на енергија.

КОЛКУ ИЗНЕСУВА КОТИЗАЦИЈАТА ЗА УЧЕСТВО?

Котизацијата за учество на работилницата изнесува **7.500 денари + 18% ДДВ** и вклучува:

- Работни материјали од работилницата
- Сертификат за учество на работилницата
- Превоз на релација Скопје–Демир Капија–Скопје
- Винска тура со прошетка низ имотот на кралската винарија „Queen Maria“ и нејзините визби со вински водич (повеќе информации во АГЕНДАТА)
- Ручек со дегустација на вина
- Освежување, кафе и вода на паузите
- Континуирана директна комуникација со предавачите.

Дополнителен попуст – за две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.**

КАКО ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦАТА?

Пријавувањето за учество на работилницата се врши најдоцна **до 11 ноември 2022 г. (петок)** со пополнување и испраќање на »**ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ**« на следната електронска пошта: info@simpozion.mk.

За сите дополнителни прашања и/или потребни информации во врска со работилницата, Ве молиме, слободно контактирајте нè на **тел. 078 271 576** или на официјалната имејл адреса.

ИНФОРМАЦИИ ЗА УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје

Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16

Сметка бр.: 210071635330103

НЛБ Тутунска Банка АД Скопје

ДБ за ДДВ: МК4080016561868

Контакт тел.: 078 271 576